**ДО:**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**НА ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" АД**
**Б И Т О Л А**

# ***И З В Е Ш Т А Ј***
## ***ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" АД БИТОЛА ЗА 2012 година***

## I. ВОВЕД

Одборот на директори е избран на ден 21.12.2011 година со Одлука број 02-925/5 на Собранието на акционери на ЗК „Пелагонија" ад – Битола, и е составен од 9 членови и тоа:

- еден извршен директор,
- шест неизвршни членови и
- два независни неизвршни членови.

## II. РАБОТЕН ДЕЛ (СОСТАНОЦИ)

Одборот на директори во текот на 2012 година одржа вкупно 12 состаноци, на кои расправаше за прашања од својата надлежност и донесуваше соодветни одлуки од делокругот на управувањето со Друштвото, а особено расправаше и одлучуваше за следните работи:

- донесе одлуки за усвојување на Извештајот и Елаборатот за извршениот попис со состојба на 31.12.2011 година, во ЗК "Пелагонија" ад – Битола, Пелагонија Вет ДООЕЛ Кравари и Пелагонија развој 2009 ДООЕЛ Могила

- донесе одлука за исплата на регрес при користење на годишен одмор за 2012 година, на вработените во ЗК "Пелагонија" ад – Битола, Пелагонија развој 2009 ДООЕЛ Могила и Ветеринарна амбуланта Пелагонија вет ДООЕЛ с. Кравари,

- се одобри купување на недвижен имот- Млин за жито "ИЛИНДЕН" и Армирано бетонски силос со капацитет од 6000 тони и машинска куќичка, со опремата и инсталацијата за редовна работа на млинот во Битола, во поранешна Жито Битола, од КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, а воедно е и дадена согласност Друштвото да се задолжи врз основа на Договор за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршна исправа склучен помеѓу Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола како корисник на кредит-должник и КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје како доверител. Заради обезбедување на побарувањето на Банката по договорот се заснова на заложно право врз наведениот недижен имот.

- се одобри купување на недвижен имот - Млин "ДРАГОР " со придружни објекти, во поранешна Жито Битола, од ТТК БАНКА АД Скопје, со вкупна површина од 4.676 м2. Воедно дадена е согласност Друштвото да се задолжи врз основа на Договор за одобрување на долгорочен кредит за купување на наведниот недвижен имот кај доверителот ТТК Банка АД Скопје. Заради обезбедување на побарувањето на Банката по договорот дадена е согласност за засновање на заложно право врз на наведниот недвижен имот.

- одлучи за купување на градежно неизградено земјиште во вкупна површина од 15.514 м2, сопственост на Република Македонија, што се наоѓа во индустриска зона – Жабени општина Битола, а што претставува градежни парцели број 14 и број 16.

- донесе одлука за набавка на еден трактор со кабина марка TAFE 45 DI, работна зафатнина 2,5 L, 47 KS,

- донесе одлука за одобрување зделка со заинтересирана страна за одобрување краткорочна денарска позајмница на Друштвото за трговија и услуги ИСКРА ММ ДОО Скопје, која како корисник на зделката позајмицата ја користи со рок на враќање до 31.12.2013 година, и со каматна стапка од 7% на годишно ниво. Со усвојување на овој извеШшај Собранието на акционери ја потврдува и одобрува наведената зделка.

- донесе одлука за откуп на удел во Трговското друштво ПЕЛАГОНИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ – Скопје, кој изнесува 19,90% од основнта главнина на ПЕЛАГОНИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ – Скопје.

- донесена е одлука за основање на Трговското друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПЕЛАГОНИЈА друштво со ограничена одговороност основано од едно лице Битола, со паричен основачки влог во износ од 5.000,00 ЕВРА во денарска противвредност, според средниот курс од Народна банка на Република Македонија.

- се одлучи за купување на обврзници од денационализација со намена за плаќање на закупнината за 2012 година за користење во долгорочен закуп на државното земјоделско земјиште што го користи ЗК Пелагонија ад Битола.

- Заради поднесена оставка од извршниот директор Драги Петровски, на ден 03.12.2012 година истиот е отповикан од функцијата извршен директор и на истиот состанок за извршен директор назначен е Томислав Давков, дотогашен претседател на Одборот на директори, а Драги Петровски е назначен за управител на Пелагонија Равој 2009 ДООЕЛ Битола. Истовремено заради назначување на Томислав Давков на функцијата извршен директор, истиот е разрешен од претседател на Одборот на директори, а за претседател на Одборот на директори назначен е неизвршниот член Јованче Тасковски,

- донесена е одлука за склучување на договор за вршење на услуги со давателот на услугите **Paladin Realty Management** ООД од Бугарија, кој како давател на услугите се обврзува да изработи и изврши оптимизација на менаџментот, операциите и земјоделскиот бизнис на ЗК Пелагонија ад Битола според условите од Договорот, за што ќе има пристап до експертизата потребна за да ја понуди услугата, за постигнување на основната цел на договорот – оптимизирање на работењето во земјоделието во ЗК Пелагонија ад Битола.

- се извршија измени и дополненија на акти на Друштвото, се донеоа одлуки за усвојување на Извештајот и Елаборатот за извршениот попис со состојба на 31.12.2011 година, во ЗК "Пелагонија" ад – Битола, Пелагонија Вет ДООЕЛ Кравари и Пелагонија развој 2009 ДООЕЛ Могила**, се усвоија** Оперативниот план за извршување на жетвата на есенските култури во ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2012 година и Оперативниот план за заштита од пожари во ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2012 година и се донесоа и други одлуки.

Покрај со наведеното во овој извештај, акционерите можат во постапка утврдена со закон и Статутот на Друштвото, непосредно да се запознаат и со содржината на секој записник, одлука и друг акт донесен од Одборот на директори, а кои се наоѓаат во архивата на Друштвото.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател**
____________________
**/Јованче Тасковски /**

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР:**
________________________
**/ Томислав Давков /**

**НЕИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ :**

1. ____________________________
**/Цветан Пგანделески/**

2. ____________________________
**/Весна Белешовска Бунтеска/**

3. ____________________________
**/Кристина Камчева Стојческа/**

4. ____________________________
**/Зорица Арсовска/ - независен член**

5. ____________________________
**/Ристе Бошевски/**

6 ____________________________
**/Драги Петровски /**

7. ____________________________
**/Драги Митевски/**